**З А П И С Н И К**

**од 45-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 17 ми април 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа сите советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.
Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 45 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 9 точки.

Претседателот на Советот Владимир Марков даде Предлог за дополнување на дневниот ред со уште една, 10 -та точка, Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Валандово за Велигденските празници , за деновите 18- ти, 19-ти и 20- ти април 2025 година.

Дополнувањето беше ставено на гласање и изгласано со 9 гласа ЗА,5 ПРОТИВ и 1 ИЗЗЕМЕН.

По ова беше предложен новиот дневн ред со 10 точки.

1. Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029);
2. Предлог – Програма за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;
3. Информација за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово;
4. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово;
5. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово;
6. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово;
7. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава,

8. Предлог – Одлука за давање на користење на недвижна ствар,,полигон за обука на возачи,, на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово;

9. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година;

10. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Валандово за Велигденските празници , за деновите 18 ти, 19-ти и 20 ти април 2025 година.

Процедурално за збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ бара оваа точка да се тргне од дневниот ред, бидејќи Советот не треба да се става над Законот, колку е предвидено законски, толку треба да се работи.

Претседателот на Советот Владимир Марков даде појаснување дека Советот има право да го продолжи работното време и тоа во минатао секогаш било пракса.

Градоначалникот се јави процедурално и апелираше да не се злоупотребува оваа точка. Рече дека праксата од порано била за време на најголемите празници да се продолжува работното време и го праша советникот дали тие гласале ЗА или ПРОТИВ и апелираше да не се дава политичка конотација и праша како тие гласаа за Божиќ за истата точка и дали тогаш се ставиле на законот.

Надица Недиќ со оглед на тоа што Советот избира претставници во нашите локални институции како што се Здравствен дом , Центар за социјални работи и други ,и предлга тие претставници да бидат повикани на Советот и да образложат за состојбите во тие институции.

Немаше пријавено други за дискусија, па дневниот ред со 9 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

По ова беше отворена расправа по Записникот од 44 тата редовна седница. Немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Локалната стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029) образложение имаше Владимир Лазов, службеникот за млади во Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 2

По Предлог – Програмата за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна

Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година образложение имаше Ѓоко Аврамски, раководителот на одделението за урбанизам и комунални дејности.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор,па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Информацијата за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово образложение даде градоначалникот на Општината Перо Костадинов.

Беше отворена расправа. За збор се јави Тоше Тодоров. Тој праша во каква состојба е објектот детска градинка во Брајковци. Со оглед на тоа што советничката група на ВМРО ДПМНЕ не гласаше за пуштањето во употреба на овој објект кој е релативно нов, праша дали има поведено правни постапки сега кога се јавија неправилности, а и за други објекти кои се градат.

Градоначалникот одговори дека Комисијата ги проверуваше објектите во сопственост на Општина Валандово и веднаш донесе одлука заради безбедносни причини децата да се префрлат во градинката во Валандово. Контактирани се и изведувачот и Министерството за труд и социјална политика и состојбата се следи. А самиот објект ги има сите дозволи кои се потребни.

Немаше други пријавено за збор,па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлуката за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово образложение имаше Анита Трајкова, вработена во одделението за урбанизам и комунални дејности.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлуката за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров .Рече дека во сите вакви одлуки што се даваат на користење на здруженија на граѓани, во договорите треба да бидат искажани обврските кои ги имаат тие кои ги земаат, за да се одржуваат објектите.

Градоначалникот рече дека досега немало никакви договори, но на наредните седници ќе бидат новите и рече дека е во интерес на сите е објектите да се дадат на граѓаните за да не се запустат. По оваа одлука ќе следува потпишување на договори. За Караула Беласица претходно беше донесена одлука, но договорот не е потпишан и истиот ќе се потпише заедно со другите.

Немаше друг пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА. Еден советник се иззема од гласање.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлуката за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, образложение даде градоначалникот. Рече дека и сега Здружението на граѓани го користи објектот, но тоа не е регулирано со договор.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлуката за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава, беше отворена расправа.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлуката за давање на користење на недвижна ствар,,полигон за обука на возачи,, на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 9

По Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Валандово за Велигденските празници , за деновите 18 ти, 19-ти и 20-ти април 2025 година за 2 часа немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Еден советник се иззема од гласање.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Претседател

| | |
|---|---|
| Записничар | на Совет на Општина Валандово |
| Соња Христова Јовановиќ | Владимир Марков |